ПРК-Ј.бр.4/19

# ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Основниот суд во Струмица преку судијата поединец Цона Каламерникова, со записничарот Митра Алиќ, одлучувајќи во прекршочна постапка по Барање на МВР СВР, Полициска станица Струмица под Уп.бр.33.5.1-27/4 од 15.01.2019 година против обвинетиот Барабановски Александар од Струмица, за прекршок казнив по чл.12 ст.1 од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир, по одржаниот усен претрес, во отсуство на Претставникот на подносителот на барањето и на обвинетиот, денес 30.11.2020 година ја донесе и јавно објави следната:

## П Р Е С У Д А

**ОБВИНЕТИОТ:**

**АЛЕКСАНДАР БАРАБАНОВСКИ** роден на ден 23.08.1983 година, во Струмица, живее во [redacted], Македонец, државјанин на РСМ, за истиот прекршок не е води судска постапка

**ВИНОВЕН Е:**

**Затоа што:**

На ден 21.10.2018 година околу 11 часот, на ул"Балканска" пред маркетот "Здравец" во Струмица, го нарушил јавниот ред и мир на начин што му се приближил од позади на оштетениот Митко Георгиев од Струмица и со тупаница го удрил во пределот на лицето и увото, при што кога оштетениот Митко се свртел према него, обвинетиот повторно замавнал кон оштетениот удирајќи го во пределот на лицето, притоа упатувајќи му заканувачки и омаловажувачки зборови, а од ударите оштетениот Митко се здобил со телесни повреда - екскоријации на десната лицева регија и контузија на десното уво.

Со таквите дејствија обвинетиот сторил прекршок од чл.12 ст.1 од Законот за прекршоци против јавниот ред и мир.

Согласно цитираните одредби и Закон, чл.26 од ЗП (Сл.весник 96 од 17.05.2019г) в.в. со чл.3 ст.2 од КЗ, на обвинетиот АЛЕКСАНДАР БАРАБАНОВСКИ му се изрекува прекршочна санкција:

## Г Л О Б А

**Во износ од 150 евра во денарска противвредност од 9.225,оо денари.**

Се задолжува обвинетиот глобата да ја плати во рок од 15 дена по правосилноста на пресудата, во спротивно истата ќе биде присилно наплатена согласно одредбите од Законот за даночна постапка.

Да плати:

на име паушал сума од 1.000,оо денари, во корист на

буџетските средства, согласно чл.126 ст.1 ал.6 од ЗП (Сл.весник бр.124 од 23.07.2015г).

Оштетениот Митко Георгиев од Струмица, за остварување на свое оштетно побарување, се упатува на граѓански спор, согласно чл.114 од ЗКП в.в. со чл.2 ст.1 од ЗП.

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

МВР СВР, Полициска станица од општа надлежност Струмица со поднесеното Барање под Уп.бр.33.5.1-27/4 од 15.01.2019 година пред Основниот суд Струмица иницира прекршочна постапка против обвинетиот Александар Барабановски од Струмица, за прекршок казнив по чл.12 ст.1 од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир.

Преку изведените докази во текот на доказната постапка и тоа: распит на сведокот Митко Георгиев, матријалните докази: Интерспецијалистички упат бр.6716 од 21.10.2018 година од д-р Никола Пачоов со Извештај на специјалист, увид во фотодокументација бр.1181-18 од 21.10.2018 година и презентирана ЦД снимка од видео надзор на маркет „Здравец" од 21.10.2018г во 11,00 часот, судот ја утврди **следната фактичка состојба:**

На ден 21.10.2018 година околу 11 часот, оштетениот Митко влегол во маркетот "Здравец" и на влезот го здогледал обвинетиот Александар Барабановски, кој пиел кафе а оштетениот го познавал од порано дека работел како обезбедување на братот на премиерот - Вице Заев. По излегување од маркетот, оштетениот продолжил да се движи по тротоарот пред маркетот покрај ул:"Балканска" а обвинетиот Александар, го нарушил јавниот ред и мир на начин што му се приближил од позади на оштетениот Митко Георгиев од Струмица и со тупаница го удрил во пределот на лицето и увото, при што кога оштетениот Митко се свртел према него, обвинетиот повторно замавнал кон оштетениот удрајќи го во пределот на лицето. Притоа му упатил на оштетениот заканувачки и омаловажувачки зборови "пичка ти мајчина бугарска, престани да ги напаѓаш Заеви оти ќе те утепаме или исели се од Македонија". Од ударите оштетениот Митко се здобил со телесни повреда - екскоријации на десната лицева регија и контузија на десното уво.

Имајќи ја во предвид вака утврдената фактичка состојба судот заклучи дека со своите дејствија обвинетиот Александар Барабановски сторил прекршок казнив по чл.12 ст.1 од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир.

Горната фактичка состојба судот ја утврди прифаќајќи го исказот на оштетениот Митко распрашан како седок како веродостоен. Имено, описот на настанот даде од оштетениот во целост се поклопува од снимката на видео надзорот од маркетот "Здравец" на кој е видно како оштетениот е ударан од обвинетиот. Дека се здобил со телесни повреди и нивниот вид, судот утврди од цитираниот специјалистички извештај.

При одлучувањето за видот и висината на прекршочната санкција, судот го примени поблагиот закон за обвинетиот односно Законот за прекршоци бр.96 од 17.05.2019 година.

Согласно чл.16 од ЗП, како олеснителна околност се ценеше само досегашната неказнуваност на обвинетиот. Како отежителна околност

судот ценеше дека го сторил прекршокот пред маркет каде имало повеќе луѓе и причините за сторување на прекршокот објаснети од оштетениот - интервју што го имал на телевизија во кое зборувал против семејството Заеви.

Ценејќи ги напред наведените околности, судот заклучи дека со изречената глоба од 150 евра во денарска противвредност, ќе бидат постигнати целите на казнувањето.

Врз основа на чл.126 ст.1 ал.6 од ЗП, судот го задолжи обвинетиот со паушал во износ од по 1.000,оо денари.

Согласно чл.114 од ЗКП в.в. со чл.2 ст.2 од ЗП, судот го упати оштетениот Митко своето имотно правно побарување да го остварува во граѓански спор.

Одлучено во Основен суд Струмица под ПРК-Ј.бр.4/19.

**Записничар,**
**Митра Алиќ с.р.**

Согласно на првообразот со изворникот ја потврдува Судски службеник

**С у д и ј а,**
**Цона Каламерникова с.р.**

**ПРАВНА ПОУКА**: Против оваа пресуда незадоволната странка има право на жалба во рок од 8 дена по приемот на истата, преку овој до Апелационен суд Штип.

**ДОСТАВЕНО ДО:** Подносител, обвинет, оштетен и кон списите.

**УПЛАТНИ СМЕТКИ Буџет на РСМ (назив примач), Народна банка на РСМ (банка на примач), 100 0000000630 95 (трансакциска сметка):**

**ПАУШАЛ (со назнака на број на предмет во цел на дознака):**
**- 2901000930 631 19 (сметка на корисник)**
**724132 20 (приходна шифра и програма)**

**КАЗНА ГЛОБА (со назнака на број на предмет во цел на дознака)**
**840-166-05187 (уплатна сметка)**
**722129 00 (приходна шифра и програма)**